## ***Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во април 2003 година***

- *Од 1 април 2003 година* ***започна примената на Законот за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност****, според кој општата стапка на ДДВ од 19% е намалена на 18%, а поголем дел од производите за кои важеше повластената стапка од 5% преминуваат на општата стапка од 18% (Службен весник на РМ бр. 21/2003).*

- *Од 1 април 2003 година започна исплатата на* ***третата рата и каматата на обврзниците за старото девизно штедење.***

- *Од 4 април 2003 година* ***Република Македонија и официјално стана членка на Светската трговска организација (СТО)****, по завршувањето на сите законски процедури предвидени со правилата на СТО за официјализирање на приемот. Договорот за влез на Република Македонија во СТО беше потпишан во октомври 2002 година.*

- *На 8 април 2003 година* ***Советот на НБРМ*** *донесе Одлука за натамошно намалување на каматните стапки на НБРМ, со која есконтната стапка е намалена од 8% на 6,5%, додека каматната стапка на ломбардните кредити од 17,5% на 16% (Службен весник на РМ бр. 27/2003 година, со примена од 15.04.2003 година), како и Одлука според која од 11.04.2003 година на аукциите на благајнички записи на НБРМ се применува тендерот со износи, со каматна стапка од 7%.*

- *На 29 април 2003 година* ***земјите - сукцесори*** *ги добија средствата кои поранешна СФРЈ ги депонирала во комерцијални банки со седиште во САД. Притоа, на Република Македонија ѝ беа префрлени вкупно 17,8 милиони САД долари, односно 7,5% од средствата.*

- *На 30 април 2003 година Одборот на директори на ММФ го одобри* ***Stand-by аранжманот*** *за Република Македонија, кој беше договорен во февруари оваа година. Аранжманот ќе се реализира во период од 14 месеци, а неговата вредност е 27 милиони САД долари. Одобрувањето на аранжманот е потврда за поддршката на макроекономската политика на Владата од страна на ММФ.*

- *Од 16.04.2003 година започна примената на* ***Законот за поттикнување на вработувањето*** *(Службен весник на РМ бр. 25/2003), со кој закон се создаваат услови за поттикнување на вработувањето преку надоместување на средствата на работодавецот за платените придонеси на плата (придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување и за вработување), за секој нововработен работник на неопределено време, за период од 24 месеци од вработувањето. За да се оствари правото на надомест, новововработениот работник треба да биде: невработено лице евидентирано во Заводот за вработување најмалку една година, невработено лице на кое му престанал работниот однос поради економски, технолошки, структурни или слични промени или поради стечај и невработено работоспособно лице корисник на социјална помош. Работодавецот е должен новововработеното лице по овој основ да го задржи на работа најмалку двојно повеќе од времето за кое го користел правото за надоместуивање на средствата. Средствата за реализација на овој закон во износ од 2 милијарди денари ќе се обезбедуваат од буџетот на државата, во рамки на планираните средства за остварување на Програмата за зголемување на вработеноста и флексибилноста на пазарот на работна сила. Одредбите од овој закон ќе бидат во сила до 31.12.2003 година.*

- ***Нови прописи****: Закон за државна помош - примената на овој закон ќе започне од 01.01.2004 година и Закон за сметководство на непрофитните организации - со ретроактивна примена од 01.01.2003 година (Службен весник на РМ бр. 24/2003).*